РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ
ОБВИНИТЕЛИ ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 03-398/1
22. 09 2014 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ

КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 1895
18.09 2014 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**помеѓу**

1. **Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев**, со седиште на бул. „Јане Сандански" бр. 12, во Скопје, претставувана од директорката, судија Анета АРНАУДОВСКА и

2. **Комора на извршители на Република Македонија**, со седиште на ул. „Илинденска" бр. 60/002-2, во Скопје, претставувана од претседателот Зоран ПЕТРЕСКИ.

Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев и Комората на извршители на Република Македонија (во натамошниот текст „потписници"), потврдувајќи ја заедничката заложба да дадат свој придонес за зајакнување на капацитетите на судството и извршителите, преку развивање меѓусебна соработка во насока на соодветна примена на законите во областите од интерес на судството и извршителите, се договорија за следното:

**Член 1**

Со овој Меморандум се регулираат правилата на меѓусебната соработка и координација на активности меѓу Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев и Комората на извршители на Република Македонија.

**Член 2**

Соработката меѓу потписниците на овој Меморандум ќе се остварува во делот на обуките кои се однесуваат на спроведување на законските надлежности во соодветната област, со:

- одржување заеднички советувања за претседателите на судовите, судиите, јавните обвинители и извршителите, за нивно континуирано стручно усовршување;
- донација на стручна литература;
- ангажирање меѓународни предавачи и експерти;
- овозможување учество при студиски посети и конференции во странство.
- развивање e-learning модул за обука на судиите, јавните обвинители и извршителите;

**Член 3**

За обуките и другите активности во рамки на меѓусебната соработка, потписниците ќе вршат размена на предавачи, учесници, искуства и знаења. Покрај тоа се предвидува користење на просторните капацитети на потписниците.

**Член 4**

Спроведувањето на овој Меморандум ќе се овозможи со подготвувањето на програмите за работа на потписниците, во кои се определуваат темите и опфатот на соработка и организационите прашања.

**Член 5**

Соработката утврдена со овој Меморандум, потписниците ќе ја остваруваат преку лица овластени за контакт.

Меморандумот ќе биде предмет на постојана заедничка анализа со цел за унапредување на соработката.

**Член 6**

Овој меморандум за соработка може да се измени со писмен договор меѓу двете страни.

Секој од потписниците може да го раскине истиот по истекот на еден месец откако по писмен пат ја известила другата страна за раскинувањето:

-ако другата страна не ги почитува обврските зацртани во овој меморандум.

**Член 7**

Овој Меморандум ќе влезе во сила од денот на неговото потпишување и ќе важи за временски период од три години. По истекот на овој период неговото важење автоматски ќе се продолжи за нареден период од три години, освен во случај еден од потписниците да го раскине овој Меморандум, но не подоцна од три месеци пред истекот на рокот на неговото важење.

Потпишан во Скопје на 22 септември, 2014 година

| | |
|---|---|
| Академија за судии и јавни обвинители<br>Павел Шатев | Комора на извршители на<br>Република Македонија |
| Директор,<br>судија Анета АРНАУДОВСКА | Претседател,<br>г. Зоран ПЕТРЕСКИ |